Александар АПОСТОЛОВ

# СТРЕМЕЖОТ НА СРБИЈА КОН СОЛУН ЕДИНСТВЕНО ПРЕКУ МАКЕДОНИЈА

**- По повод на Тиквешкото востание од 1913 година -**

За да биде јасно зошто е кренато Тиквешкото востание треба пред сè да се наведат причините што ги привлекувале српските политичари да се стремат кон југ, а српската војска, за првпат по пропаѓањето на Душановото средновековно царство, да се појави како "ослободител" во Македонија односно во Тиквешијата.

Причините за стремежот на Србија кон југ на преминот од XIX кон XX век се историски, и повеќе би се рекло, со економски мотиви. Немаме намера да говориме поопширно за нив, бидејќи во историската наука достатно е пишувано од страна на српските политичари и историчари од Кралството Србија, а и кај нас по Втората светска војна. Сепак, нужно е во оваа прилика да се потсетиме за настојувањата на Кралството Србија да се прошири на југ во Македонија.

Како основна причина за нашите македонски неволи во историското минато, а сега погодност и поволност, е што низ Македонија поминува моравско-вардарската комуникација што ја поврзува Средна Европа со Солунското пристаниште.

Со изградбата на железничката линија Скопје - Солун во 1873 година, погледот кон Солун го свртува и официјалната српска политика за свои економски потреби.

Со окупацијата на Босна и Херцеговина од страна на Австро-Унгарија беше оневозможена врската на Кнежевсвото Србија со Србите во овие историски покраини; оневозможен излезот на Јадранското Море преку Босна и покрај толку пати и со повеќе варијанти планирано, но неостварено, поврзување со железница на Србија со ова море.

За сосема да ги прекине врските на српската национална пропаганда во Босна, Австро-Унгарија го посочи излезот на Србија на Егејското Море преку Солунското пристаниште. За оваа нова преориентација, а знаејќи ја лошата положба на својата пропаганда во Македонија под турска власт, преку чија територија требаше да се оствари оваа врска, требаше да се употребат сите средства тој "прозорец кон светот "Србија да го оствари.

Опширниот извешај што Сима Н. Томиќ, доцент на “Великата школа” во Белград, му го испрати на српскиот министер за надворешни работи Вуиќ, беше сосема неповолен за српската национална пропаганда во Македонија, бидејќи немаше доволен број приврзаници на таа пропаганда, а и тие, според извештајот на Томиќ “не работат од патриотизам”, туку пред сѐ од личен интерес[1].

При неповолната ситуација за српската пропаганда во Македонија, некојси “Нови Мирмидон” во својата книга: “Пред Македонским питањем” меѓу другото, ќе го рече нападно и категорично и ова: “... На Србија ѝ е потребно море и таа, засега тоа може единствено да го бара преку Македонија. На Србија ѝ е потребна Македонија, и таа мора да ја добие па макар таму да нема ниту еден Србин, и таа ќе се бори за тоа на живот и смрт со сите и со секого што ќе ѝ застане на пат... Нам ни е потребна Македонија и излез на Егејското Море, и ние со сите сили ќе работиме тоа да го постигнеме....”[2].

Кога српската национална пропаганда стана поинтензивна и поуспешна во Македонија, тогаш се пристапи и кон економска пенетреација. Така, во времето од 1889 до 1912 година во Македонија беа основани повеќе стопански претпријатија. Во Скопје беше создадена пиварница; во Воден извозничка задруга; во Тетово трговско-банкарска задруга, а во 1910 година беа основани филијали на Француско-српската банка во Скопје и во Битола[3].

Кога Австро-Унгарија беше упатена од пруским империјализам на југ кон Егејското Море, таа ја туркаше и Србија кон југ, бидејќи таа беше зависна од неа сѐ до започнувањето меѓу нив и на таканаречената Царинска војна што траеше од 1903 до 1911 година. Извозната трговија на Србија пред тоа скоро 90% ѝ припаѓаше на Австро-Унгарија. Тоа ѝ создаде на Србија големи тешкотии уште во почетокот на овој економски судир. Во ваквата ситуација на Србија ѝ се наложи да бара пат преку Македонија за нејзината транзитна трговија. Додека во 1908 година извозот на Србија преку Македонија изнесуваше 3.859 вагони стока, во 1909 г. тој се покачи на 7.266 вагони, а во последната година од оваа “војна” беше извезена стока од 8.641 вагон[4].

Српските политички кругови, како и трговската и индустриската буржоазија беа изненадени со успехот што го постигнаа со свртувањето на извозот кон југ. Со тоа, на српската буржоазија и на владеачката Радикална партија во Србија им се наметнуваше заклучокот дека оној дел

[1] Александар Апостолов, Еден нов документ... ГИНИ, VII, 1, 1963.

[2] Нови Мирмидон, Пред македонским питањем, Београд, 1902, 4-5, 7,9-10.

[3] Никола Вучо, Привредна историја Србије до Првог светског рата, Београд 1955, 247.

[4] Мита Димитријевић, Привреда и трговина у новој Србији, књига I, Београд, 1913, 11.

од Македонија, низ кој минува толку важниот пат кој што ја поврзува Србија со Егејското Море бездруго треба да дојде во посед на Србија. И не само како транзитна област, туку и како подрачје на кое ќе може да се пласираат индустриски стоки, трговски капитал, како и да се обезбедат нови количества земјоделски и сточарски производи и суровини за индустријата, којашто се развиваше сè поинтензивно. Па токму на тој пат се наоѓаше и Тиквешијата која беше позната во тоа време, па и неколку децении по тоа, со своите индустриски растенија, пред сè афионот, сусамот, тутунот, а уште и грозјето, одгледувањето на свилената буба и др.

Во преговорите и договорите кои што се водеа и потпишуваа меѓу балканските сојузници за војна со Турција, па и во таканаречените тајни анекси кон договорите меѓу Србија и Бугарија, прашањето за Македонија и покрај сите концепции како да се заобиколуваше и интимно се оставаше за решавање по војната со Турција.

Одобрувајќи ги потполно целите на Балканската војна (но без знаење на тајните клаузули на бугарско-српскиот договор, ВМРО се обраќала со специјално окружно писмо до населението и го повикувала да им се даде сестрана помош на сојузничките војски во војната против Турција. Во Македонија повеќе од 20.000 луѓе се ставиле на услуга на српската и на грчката војска.

На 18 септември 1912 година, Александар Протогеров и Петар Дарвингов добиле заповед да создадат во Бугарија партизански одреди за разузнавачки цели во задницата на отоманската војска и да вршат диверзии на важни објекти. Вкупно во четите и во партизанските одреди на ВМРО учествувале 2.174 души[5]. Четите ја миналe границата непосредно пред објавување на војната. Освен овие новоформирани чети, во Македонија во текот на 1912 година, дејствувале и постојните чети на ВМРО[6].

Од Македонски доброволци се формира Македонско-Одринско ополчение (доброволство) со 53 вооружени чети, од кои 6 заминале за Одринско, а 47 за Македонија. Од тие 47 чети 25 дејствувале на теренот на вардарскиот дел на Македонија, 15 во егејскиот дел и 7 во пиринскиот дел на Македонија.

Покрај овие, познати се уште 34 револуционерни чети што се наоѓале низ цела Македонија. Или од 87 чети на ВМРО, 47 ѝ биле на помош на српската војска[7].

---

[5] П. Дървингов, История на македонско-Одринското опълчение, Избрани произведения, София, 1988, 130-132.

[6] Кр. Гергинов и Ц. Билярски, Непубликувани документи за Тодор Александров (1910-1919), 186-190.

[7] Д. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, София, 1981, 21.

Ставајќи се на услуга на српската и на бугарската војска, четите од вардарскиот дел на Македонија, ги вршеле најделикатните акции како што се: извидување, курирска служба и диверзантски акции.

Најчесто, тие први влегувале во населените места - селата и градовите и ги ослободувале, а потоа ги предавале на сојузната војска. Вредно е да се одбележат само неколку примери на упорни борби и решителни акции на македонските ревоуционерни чети, кои несебично лееле крв заедно со сојузничките војски, надевајќи се дека се борат за слободата на Македонија и за подобар живот. Во Крушево, на 25 октомври влегла четата на Методи Стојчев и создала привремена управа. Дури по дваесеетина дена во ова слободарско градче пристигнала српска војска. Велес, исто така, бил ослободен од четите на војводите Т. Оровчанец, Д. Мартинов и Тр. Павлов. По десетина дена го предале градот на српската војска. Четите на Гошо Гочев, Славко Абазов, Ефрем Чучков и др., ѝ помагале на српската војска во Кратовско. Четата на Е. Чучков успеала да го држи "Султан Тепе", доминантен врв на Осоговските планини и да го предаде на српската војска. Истата чета, засилена со милиција, преоблечени во турски војнички униформи, заробиле 150 низами во Штип, разбила воени складови на оружје и му дала пушки на населението. Четникот Санко од Барбарево, со 40 души селска милиција, успеал да го држи "Црни Врв", кој што доминира на комуникацијата Кратово-Штип и да го предаде на српската војска, која оттаму, со артилерија стрелала на густите колони отоманска војска, која подгонета од Кочани од VII бугарско-рилска дивизија, се повлекувала кон Велес[8].

Голема услуга на српската војска направила четата на Милан Ѓурлукот во Прилепско, мобилизирајќи 1.000 души селска милиција и до крајот на војната во околијата водел постојана борба со отоманската армија. Од овој успех на четите на ВМРО, бил задоволен и регентот српски Александар, па како благодарност на Ѓурлуков му подарил коњ[9].

На 10 октомври 1912 година Петар Чаулев на чело на одред од околу 300 души го ослободил Охрид, а по 3 дена во градот влегла српска војска.

Меѓу Првата и Втората балканска војна, новите господари на Македонија, веднаш пристапиле кон денационализирање и асимилирање на македонскиот народ. Во извештаите, што окружните началници ги испраќале од Тетово, Охрид, Битола и други градови на Македонија до Инспекторот на полицијата на Врховната команда или до Министерството на внатрешните работи, стои дека се создаваат услови за коло-

---

[8] Злетовска област, Скопје, 1974, 417.

[9] Г. Трайчев, Град Прилеп, София, 1925, 327.

[10] Архив СР Србије, Фонд Извештаји, Начелство округа тетовског бр. 4353 од 26. IV 1913 године; Исто, за Битолски округ бр. 6260 од 10 јуни 1913 год. Исто за Охридски округ бр. 356 од 24 јуни 1914 година.

низација, бидејќи чифликсајбии Турци ја напуштаат земјата[10]. Дури во еден документ од 1. II 1913 година, штабот на Врховната команда на српската војска, директивно го употребува изразот "завојувачи" на "ослободената" Македонија[11].

Во тој "интеррегнум" (декември 1912 - јуни 1913) македонскиот народ насетил дека дојденците по Балканската војна, не само што не сакале да си одат, туку започнале да ги растураат општинските и месните власти, црковните општини и да ги прогонуваат нивните претставници.

Во Тиквешијата биле затворени 50 училишта, а биле отворени училишта на српски јазик. Освен тоа, на удар на српските власти се нашле четниците и војводите на ВМРО, чии роднини биле затварани, малтретирани, некои убиени, а мнозина протерани од своите огништа. Вакви постапки на "ослободителите" не биле ретки и во другите краишта од Македонија. Бил убиен битолскиот војвода Петар Облакчето, леринскиот војвода Крсто Леонтиов, ресенскиот војвода Крсто Трајков, кичевскиот војвода Стефан Атанасов, прилепскиот учител и револуционер Атанас Лутвиев, охридскиот војвода Лешански и многу други.

Ваквиот однос на окупаторските српски власти бил повод народот од Неготино и Кавадарци, како и од тиквешките села да се крене на востание.

Aleksandar APOSTOLOV

## SERBIA'S TARGET TO SALONICA ONLY THROUGH MACEDONIA
(Summary)

In this supplement we keep our attention to the causes for spreading of the Kingdom Serbia to the south of Macedonia at the begining of the twentieth century. We pay larger attention to the establishment of the Serbian occupation after the Balkan War I and to the assimilation and denationalization of the Macedonian people. In the Tikvesh District, the local people's dissatisfaction and companies of IMRO, organized the uprising against the Serbian authority.

[11] Владимир Дедијер, Бранко Павичевић, Организација "Уједињење или смрт" у светлости историјске истине, "Нова мисао" бр. 7, Београд, 1953, 122.

## ИСПРАВКА

На стр. 35 во насловот стои ".... во 1926 година", а треба да стои "... во 1925 година"